РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
09-1318/7
08.11.2023 год.

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 2.3 СО НАМЕНА Г4 – СТОВАРИШТА, СОГЛАСНО ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПВНМ ЌОЈЛИЈА- МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА ДЕЛ ОД БЛОК 2 (ОДЛУКА БР. 07-1761/15 ОД 28.07.2022 ГОДИНА), ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-1318 од Јуни 2023г., за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела 2.3 со намена Г4 – стоваришта, согласно Изменување и дополнување на УПВНМ Ќојлија- мултифункционална зона дел од блок 2 (Одлука бр. 07-1761/15 од 28.07.2022 година), Општина Петровец**, со технички број **0701-01-07/23** од 09.2023 год. изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, поднесе барање за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела 2.3 со намена Г4 – стоваришта, согласно Изменување и дополнување на УПВНМ Ќојлија- мултифункционална зона дел од блок 2 (Одлука бр. 07-1761/15 од 28.07.2022 година), Општина Петровец, со технички број 0701-01-07/23 од 09.2023 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Имотни листови – доказ за право на сопственост

3. Извод од урбанистички план

3.Геодетски елаборат

5.Полномошно

6.Податоци информации и мислења од релевантни институции

7.Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 0701-01-07/23 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-1318/6 од 14.09.2023 година.

Донесена е Одлука за донесување и усвојување на Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела 2.3 со намена Г4 – стоваришта, согласно Изменување и дополнување на УПВНМ Ќојлија- мултифункционална зона дел од блок 2 (Одлука бр. 07-1761/15 од 28.07.2022 година), Општина Петровец од **Советот на Општина Петровец** со арх. бр. 07-2018/8 од 02.10.2023г.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**